Фонд за здравствено осигурување на Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08-15755/2
- 2 -11- 2022 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА КОНТРОЛА НА

## ЈЗУ УК ЗА ХИРУРШКИ БОЛЕСТИ – „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ

Октомври - 2022



Фонд за здравствено осигурување на Северна Македонија
shëndetësor i
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

[1] 08-15755/2 [2022]

Вонредната контрола е извршена по добиен писмен налог од Директорот на Сектор за финансиски прашања бр. 08-15755/1 од 25.10.2022 година за утврдување на пресметана и исплатена плата на медицински и организациски директор во ЈЗУ УК за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје за период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година.
Согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот), вонредната финансиска контрола е извршена од страна на овластените финансиски контролори Виолета Петровска и Крсте Латкоски.

Контролата е извршена на ден 26.10.2022 година, во просториите на ЈЗУ УК за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје, а извештајот на ден 26 и 27.10.2022 година во просториите на – Фондот за здравствено осигурување -П/С Скопје.

**Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:**

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од МЗ |
|---|---|---|---|
| Медицински Директор | Љубен Арсенков | Директор | 17-8347/1 од 02.12.2020 год. |
| Организациски директор | Нермин Шакири | Директор | 17-1789/1 од 12.02.2020 год. |

**Предмет на вонредната финансиска контрола е пресметка и исплата на плати во ЈЗУ УК за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје за периодот Јануари до месец Септември 2022 година на менаџерскиот тим.**

**Примена на колективен договор**

Во контролираниот периодот Јануари/Септември – 2022 година, со важност е следниот Колективен договор, Анекси и Спогодби:

- Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор (Службен весник на РСМ, бр. 32/19 );
- Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор (Службен весник на РСМ, бр. 180/19) – Арх.бр. 01-567/1 од 14.02.2020 година;

**Констатација:**

- **За потпишување на Анексот за измена и доплнување на ПКД бр.01-567/1 од 14.02.2020 година на контролата и беше доставена Согласност издадена од министерот за здравство бр.17-1796/1 од 12.02.2020 година.**

**Склучени Спогодби за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност**

- Спогодба за утврсување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност Председателот на Самостоен синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ и Министерот на Министерство за здравство на РМ – утврден износ од **14.090 денари** (Сл.весник број 302/2021 година од 30.12.2021 година) со примена со исплата на платата за месец јануари 2022 година.

**<u>Согласност за организирање на работа со дежурства</u>**

- **Од увидот на приложената документација контролата констатира дека ЈЗУ УК за хируршки болести „Св.Наум Охридски“ – Скопје нема добиено Согласност од МЗ за организирање на работа со дежурства за 2022 година.**

- ***<u>Во текот на контролата, од страна на менаџерскиот тим на ЈЗУ УК за хируршки болести „Св.Наум Охридски“ – Скопје беше истакнато дека ќе биде испратено Ургентно барање до Министерство за здравство за добивање на согласност за обовување на работа со дежурство во текот на 2022 година.</u>***

**<u>Увид во пресметковни листи на плати во ЈЗУ УК за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје на менаџерскиот тим</u>**

Направен е увид во пресметковни листи на плати во ЈЗУ УК за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје за периодот од 01/2022 година до 09/2022 година на вработениот Љ.А. – медицински директор на ЈЗУ, при што се констатира следното:

- Работникот Љ.А. е распореден на работно место Медицински директор на ЈЗУ , со Решение бр. 04-2691/2 од 30.11.2020 година , а врз основа на Решение за именување од МЗ бр.11-7318/4 од 27.11. 2020 година. Решението е издадено врз основа на Поединечниот Колективен Договор и Спогодбата за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност.

  Извршен е увид во исплатни листи и направена е споредба со коефициентите и процентите од Поединечниот КД, како и со вредноста на бодот од Спогодбите за утврдување на најниска плата, при што се констатира:

| 2022 година | Коефициенти на сложеност и пресметана бруто основна плата на медицински директорна ЈЗУ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| месец / година | Ефективни саати во месецот | Коеф. на сложеност во ЈЗУ на медицински директор на ЈЗУ УК Член 5 од Анекс на ПКД 8,070 | Висина на најниска плата во ЈЗУ за коефициент 1 (висина евидентирана во пресметките за плата) ПКД на ЈЗУ | Плата за соодветен коефициент на сложеност во ЈЗУ за ефективни саати во месецот | Сработани саати во месецот во ЈЗУ |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5(3*4) | 6 |
| 01/2022 | 168 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 168 |
| 02/2022 | 160 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 160 |
| 03/2022 | 184 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 160 |
| 04/2022 | 168 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 184 |
| 05/2022 | 176 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 168 |
| 06/2022 | 176 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 176 |
| 07/2022 | 168 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 176 |
| 08/2022 | 184 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 168 |
| 09/2022 | 176 | 8,07 | 14.090 | 113.706 | 184 |
| | | Вкупно | | 1.023.354 | |

**Констатација:**

- **За периодот од 01.01.2022 година заклучно со 30.09.2022 година исплатен е износ од 1.023.354 денари за основна плата, во бруто износ, по пресметани ефективни саати, согласно член 3, став 2 од Анекс за изменување и дополнување на колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.02.2020 година)**

Според Член 15 од ПКД, дел за плата, други права по основ на плата и надоместици на плата, работникот има право на 0,5% додаток за на основната плата за секоја година стаж, а најмногу 20%.

За работа на дежурства во ЈЗУ УК за хируршки болести „Св. Наум Охридски" – Скопје, дежурните доктори имаат право на додаток на плата за дежурство, согласно ПКД, дел за плата, други права по основ на плата и тоа:

- додаток за дежурство во редовни работни денови (од понеделник до петок) се исплаќа на дежурните доктори за 8 часови од дежурството со 155% од саатнината за редовните работни денови,
- додаток за дежурство во викенд и празник, на дежурните доктори се исплаќа за 16 часови од дежурството со 207% од саатнината за редовните работни денови,

Извршен е увид и споредба на исплатните листи за плата и евидентните листи за поминати часови на дежурство при што се констатира:

| 2022 година | Дежурство во редовни работни денови 155% | | | Дежурство во викенд – хирургија 207% | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| месец / година | Часови за дежурство според исплатни листи | Исплатен износ по исплатни листи | Часови за дежурство според евидентни листи-списоци | Часови за дежурство според исплатни листи | Исплатен износ по исплатни листи | Часови за дежурство според евидентни листи-списоци | Износ кој е исплатен по часови поминато на дежурство според евидентни и исплатни листи листи во ЈЗУ |
| 1 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 01/2022 | / | 14.320 | 16 | / | 19.124 | 16 | 33.444 |
| 02/2022 | / | 7.518 | 8 | / | 40.162 | 32 | 47.680 |
| 03/2022 | / | 19.613 | 24 | / | / | / | 19.613 |
| 04/2022 | / | 14.321 | 16 | / | 19.125 | 16 | 33.446 |
| 05/2022 | / | 13.670 | 16 | / | 18.257 | 16 | 31.927 |
| 06/2022 | / | 13.670 | 16 | / | 18.257 | 16 | 31.927 |
| 07/2022 | / | 7.160 | 8 | / | / | / | 7.160 |
| 08/2022 | / | 32.688 | 40 | / | 17.462 | 16 | 50.150 |
| 09/2022 | / | (20.504 - 6.538 за 08/2022) 13.966 | 24 часа -8часа од 08/2022 | / | / | / | 13.966 |
| Вкупно | / | 136.926 | | | 132.387 | | 269.313 |

**Констатација:**

- **Во исплатните листи кои и се приложени на контролата за периодот од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година се констатира дека во истите не се наведени часовите одработени за дежурство и не се разграничени обичните дежурства (понеделник - петок 155%) и дежурствата за викенд и празник (сабота/недела – 207% во хирургија), туку има ставка во исплатната листа како – Корекција на бруто.**

- **За пресметување на додатокот за дежурство на медицинскиот директор на ЈЗУ УК за хируршки болести „Св.Наум Охридски"- Скопје наместо основната плата од 113.706 денари (14.090 х 8,07) се зема основната плата на доктор на медицина и доктор на стоматологија – субспецијалист од 97.010 денари (14.090 х 6,885) што не е во согласност со ПКД во кој е наведено дека додатоците на плата се пресметуваат на основната плата на работникот.**

- **Исплатата на додатоците на плата се врши врз основ на евидентни листи за часови поминати на дежурство и часови за работа во денови на празник, при што е констатирано дека, за периодот од 01.01.2022 година заклучно со 30.09.2022 година <u>не постои несовпаѓање</u> на исплатата на износот како корекција на Бруто во исплатните листи за плата споредено со евидентните листи за поминати часови на дежурство добиени од главната сестра во ЈЗУ.**

- **За дежурство во редовни работни денови (155%), се исплатени средства во износ од 136.926 денари кој износ одговара на евидентираните часови во евидентните листи за дежурства.**

- **За дежурство во хирургија за викенд и празник (207%), е исплатен бруто износ од 132.387 денари, кој одговара на часовите евидентирани во евидентните листи за дежурства,**

**<u>Од контролата на исплатните листи за периодот од 01/2019 година до 01/2020 година на вработениот Н.Ш. – В.Д. организациски директор на ЈЗУ се констатира следното:</u>**

- Работникот Н.Ш. е распореден на работно место ВД организациски директор на ЈЗУ УК за хируршки болести „ Св. Наум Охридски"- Скопје со Анекс на Решение бр.04-1241/1 од 29.03.2019 година во кое се наведени следните елементи:
  1.Сложеност ........................................................................... 6,379 коеф.
  2.Минат труд (0,5% за секоја година стаж)................ (7,5% за 15 години стаж)

Извршен е увид во исплатни листи на еден вработената со иницијали Н.Ш. која има Решение за ВД организациски директор на ЈЗУ за периодот од 01/2022 година до 09/2022 година,

Во членот 3 од Анексот за изменување и дополнување ПКД на ЈЗУ УК за хируршки болести „Св.Наум Охридски" – Скопје е наведено :

„На медицинскиот директор, организациски директор и главната медицинска сестра во ЈЗУ УК за хируршки болести „Св.Наум Охридски" – Скопје им се утврдува плата во вкупен коефициент кој ќе се применува започнувајќи со исплата на платите од месец февруари 2020 година и тоа:

| | |
|---|---|
| Медицински директор, здравствен работник без специјализација | 7.703 |
| **Медицински директор, здравствен работник со специјализација** | **8,07** |
| **Организациски директор** | **6.379** |
| Главна медицинска сестра на установата која укажува болничка здравствена заштита | **3,4** |

Направена е споредба со коефициентите и процентите од Анексот на ПКД , како и со вредноста на бодот од Спогодбите за утврдување на најниска плата, при што се констатира:

| 2022 година | Коефициенти на сложеност и пресметана бруто основна плата на организациски директор на ЈЗУ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| месец / година | Коеф. На сложеност во ЈЗУ на организационен директор по Решение 6,379 | Висина на најниска плата во ЈЗУ за коефициент 1 (висина евидентирана во пресметките за плата)ПКД на ЈЗУ УК | Бруто Плата за соодветен коефициент на сложеност во ЈЗУ | Коеф. На сложеност во ЈЗУ на организационе н директор по ПКД во ЈЗУ УК | Плата за соодветен коефициент на сложеност во ЈЗУ | Бруто Плата за соодветен коефицие нт на сложеност во ЈЗУ по ПКД | Разлика на повеќе исплатена основна Бруто плата со соодветен коеф. На сложеност |
| 1 | 2 | 3 | 4(2*3) | 5 | 6 | 7(5*6) | 8(4-7) |
| 01/2022 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | нема |
| 02/2022 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | нема |
| 03/2022 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | нема |
| 04/2022 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | нема |
| 05/2022 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | нема |
| 06/2022 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | нема |
| 07/2022 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | нема |
| 08/2022 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | нема |
| 09/2022 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | 6,379 | 14.090 | 89.880 | нема |
| | Вкупно | | 703.967 | | | 703.967 | нема |

**Констатација:**

- **За периодот од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година за ВД организацискиот директор на ЈЗУ УК за хируршки болести „Св.Наум Охридски" – Скопје е пресметана и исплатена основна бруто плата во вкупен износ од 703.967 денари и која е во согласност на примената на соодветниот коефициент на сложеност за тоа работно место по издаденото Решение за плата и одредбите од Анексот на ПКД на ЈЗУ.**

ЈЗУ УК за хируршки болести „Св.Наум Охридски" – Скопје има добиено Согласност од министерството за труд и социјална политика за скратување на работно време со бр.. 08-1259/2 од 16.02.2015 година за одделни Р.Е. во кои за одредени медицински кадри работното време од 40 часа (неделно) се скратува на 36 часа.

При контролата на Решението бр. 03-2405/1 од 26.08.2022 година за користење на годишен одмор на медицинскиот директор на ЈЗУ за период од 05.09.2022 година до 15.09.2022 година, се констатира дека во деновите кога се користи годишниот одмор нема совпаѓање со деновите кога има евиденција за дежурство.

На контролата и беше доставена евиденција – дневник на настани за присуство на работно место и тоа за медицинскиот директор за период од 08.03.2022 година до 04.08.2022 година, (евиденцијата од 05.08.2022 година не се води поради оштетена електронска картичка), а за ВД организацискиот директор за период од 24.03.2022 година до 26.10. 2022 година.

Скопје, 27.10.2022 година

Финансиски контролори

Крсте Латкоски ________________________;

Виолета Петровска ____________________;

Директор

на Сектор за финансиски прашања

Миле Сугарев